(13)

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 04-277/3

02-02-2022 година

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16, и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), и конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, Државниот секретар на Министерство за здравство донесе

## О Д Л У К А
## за избор на 1 (еден) извршител – за унапредување по пат на интерен оглас 02/2021

1. За извршител на работното место Советник за Организација и функционирање на здравството во услови на вонредни околности, Сектор за кординација и стратешко планирање, Одделение за кординација и односи со јавноста, категорија В, ниво В1, шифра УПР 01 01 В01 000, во Министерството за здравство, по пат на интерниот оглас 02/2021 се избира **Анета Робовалиев**.

2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 02/2021 со архивски бр.04-9079/1 од 23.12.2021 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По објавениот интерен оглас бр.02/2021 од 14.12.2021 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на Државниот секретар со Решение бр.04-8727/11 од 20.12.2021 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници записник бр.04-9079/1 од 23.12.2021 година, и спроведување на интервју за административните службеници записник бр.04-9079/2 од 23.12.2021 година.

Согласно член 51 од Законот за административни службеници и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерниот оглас бр.02/2021, Државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, Државниот секретар носи решение за унапредување.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата институцијата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,**

**Д-р Јусуф Хасани**

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

Подготвил: Билјана Илиоска

Одобрил: Нури Љамалари



Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk